# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за управување со човечки ресурси

ПРЕТСТАВНИК: Валентина Ѓоргиевска
Раководител на Сектор за
управување со човечки ресурси

Предлог-Одлука
за давање согласност за преземање вработен

Скопје, февруари 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ број 05/02“) и член 44 став 1 во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на ___________ 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за преземање вработен

Член 1

Се дава согласност на ЈП Градски паркинг – Скопје за пополнување на следното работно место преку преземање на вработен од Министерство за труд и социјална политика:

**Раководител на одделение за финансии** со шифра КДР0102Б04055, Сектор за финансии и сметководствени работи – 1 извршител.

Член 2

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на ЈП Градски паркинг – Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27- _______

______________

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPI

ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR

Трајко Славески Trajko Slaveski

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ број 05/02“) каде е наведена надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува одлуки.

Исто така во член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) е наведено :
Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која работи или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

Со одредбите на овој член е предвидена можност за мобилност на вработени од една во друга институција во јавниот сектор преку институтот преземање. За да се реализира ова хоризонтално движење на вработени на исто ниво од една во друга институција, законот како претходен услов предвидел институцијата во која вработен се вработува преку преземање да даде претходна согласност за обезбедени средства. Оваа согласност ја дава органот надлежен за давање согласност на годишниот план за вработување на иституцијата во однос на буџетот. Орган кој дава согласност на годишниот план за вработување во ЈП ,,Градски паркинг’’ – Скопје, согласно член 20-б став 1 алинеа 3 е Советот на Град Скопје.

Согласно напред изложеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука со која ќе се овозможи превземање на вработен од Министерство за труд и социјална политика во ЈП ‚Градски паркинг’ – Скопје.